TÜV NORD

Exellence for your business!













# TÜV®


**TÜV NORD CERT - T-CERT SISTEM DOOEL Skopje**

Representative Office Macedonia

office@tuv.mk | www.tuv-nord.com | +389 2 3221 603




TÜV NORD од Германија, е **водечка светска организација на подрачјето на контролата, испитувањата, сертификацијата и независната логичка поддршка на светската економија.**
Основана е пред 150 години и со својата меѓународна мрежа делува во повеќето земји во светот.
Т-ЦЕРТ СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје има авторизирано и ексклузивно претставништво за TÜV NORD CERT која претставува една од најзначајните компании во светот во областа на сертификација на системите, техничка инспекција и надзор, информатичка технологија, прехранбен сектор и низа други дејности. TÜV NORD има над 15.000 вработени во преку 80 земји во светот. TÜV NORD CERT во Македонија ги поседува сите неопходни технички, финансиски и човечки ресурси потребни за извршување на дејноста за овој опсег. Нашите аудитори/оценувачи ги поседуваат сите неопходни стручни квалификации и богато искуство кое гарантира квалитетно спроведување на понудените дејности.
TÜV NORD CERT во регионот на Македонија, Бугарија, Албанија, Косово, Србија, Хрватска и пошироко е една од водечките сертификациони тела со преку 2.000 сертифицирани компании од различни области на работење и речиси 3.000 сертифицирани системи за управување според барањата на меѓународните
стандарди ISO 9001, ISO 14001, OHSAS 18001, ISO 22000, IFS, BRC, GlobalGAP, FSSC 22000, ISO 27001, ISO 20000, SA 8000, BSCI, ISO 3834, FSC CoC, PEFC, EN Plus, EN 1090, ISO/TS 29001, ISO/TS 16949, CE ознака итн. Нашите вработени и надворешни соработници се високообразовани експерти од различни подрачја, што претставува дополнителна вредност за нашите клиенти во постојано унапредување на квалитетот на работењето. Со нашите сертификати ќе бидете признати како компанија во која квалитетот на производите и услугите е на прво место.

Според тоа можеме да ви ги понудиме следните услуги:
- Сертификација на системи
- Техничка инспекција
- Сертификација на производи
- TÜV Академија



# ISO 9001
## Систем за управување со квалитет

**ISO 9001:2015** Ви овозможува да ја демонстрирате својата фокусираност на квалитетот и задоволство на клиентот, како и континуирано подобрување на репутацијата и интегрирање во реалноста на светот кој се менува.

Препознатливоста на ISO и меѓународното препознавање на Системот за управување со квалитет кој го донесува ISO 9001:2015 претставува голем напредок за репутацијата на секоја компанија. Покрај тоа, истото Ви овозможува континуирано да го подобрувате сопствениот систем за управување со квалитет и процесите. Со време, тоа се пренесува на севкупното зголемување на Вашиот настап на пазарот и може на крај позитивно да влијае на Вашето работење. Дополнително, со демонстрирање на вистинската посветеност на квалитетот можете да ја трансформирате својата корпоративна култура така што вработените ја препознаваат потребата за континуирано подобрување.



# ISO 14001

## Систем за управување со животна средина

**ISO 14001** е стандард за систем за управување со животната средина, кој преку построга легисла-тива и развој на економски политики го зголемува општиот интерес на засегнатите страни за заштитата на животната средина.

Доброволна обврска за основање и активно работење на системот за управување со животната средина овозможува спречување на некои непредвидени ризици истовремено отварајќи и нови можности за бизнис.
Придобивките од сертификацијата на ISO 14001 се: намалување на трошоците преку постојано подобрување на активна заштита на животната средина; заштеда на ресурси; навремено спроведување на мерките за заштита на животната средина, високо ниво на усогласеност со закони и мерки поставени за да се зголеми довербата кај клиентите, владини претставници, осигурителни компании и на општата јавност; подобрување на имиџот на една организација со висока свест за заштита на животната средина; намалување на ризиците по животната средина.



# HACCP
## Hazard Analysis and Critical Control Point

**HACCP** е меѓународно признатa "алатка" која е повеќе од 50 години овозможува спречување или намалување на биолошки, хемиски и физички опасности во процесот на производство на храна.

HACCP принципите од 2009 година се дел од Законот за храна на Република Македонија. Со тоа примената на HACCP принципите стана обврска на секој деловен субјект кој се ангажира во која било фаза на производство, вклучувајќи примарно производство, преработка, складирање и дистрибуција на храна.
Вредноста на HACCP системот го прави својот проактивен пристап преку кој организацијата ги поставува и ги анализира сите потенцијални опасности во процесот на реализација на производот, ги дефинира критичните контролни точки, да се воспостават ефективни мерки за контрола со цел да се спречи појавата на значителни опасности.



# ISO 22000/FSSC

## Систем за управување со сигурност на храна

**ISO 22000** е стандард кој се јавува врз основа на барањата за стандарден квалитет, кои се од суштинско значење за да се обезбеди високо ниво на квалитет и безбедност на прехранбените производи. Тоа ги засега сите вклучени во продажбата.

ISO 22000 е прифатено во светот и е развиен од страна на меѓународните експерти за храна и е погоден за примена во секоја компанија без оглед на нејзината големина. Подрачјето на примена на ISO 22000 не се однесува само на врските во рамки на синџирот на исхрана (пр. добавувачи на додатоци и материјали за пакување) туку и на примарните производители, производителите на храна и трговците како и услужни дејности и угостителството.
Со оглед на тоа што стандардот е развиен на меѓународно ниво, сертификатите се признати и препознатливи низ целиот свет што е од исклучителна важност за компаниите, посебно оние кои се извозно ориентирани. Дополнителен приоритет дава можноста за поврзување на системот HACCP (Анализа на опасност на критични контролни точки).



# OHSAS 18001

## Систем за управување со здравје и безбедност при работа

Несреќите и болестите поврзани со работата, често се резултат на несоодветна организација во компаниите. Спроведување на управување со безбедноста при ра-бота во согласност со **OHSAS 18001** помага да се исправат недостатоците.

Воведување и сертификација на системот за управување со безбедноста и здравјето при работа е соодветен за организации од сите сектори. Затоа што стандардот се применува насекаде во светот, сертификацијата според BS OHSAS 18001 особено придонесува за компании кои работат интернационално. Покрај тоа, се препорачува за спроведување на интегриран систем за управување во комбинација со ISO 9001 и ISO 14001.
Сертифицираните компании ги оптимизираат нивните процеси во областа на безбедноста и здравјето, со што се намалуваат оперативните нарушувања и се намалуваат трошоците кои се јавуваат како резултат на несреќи и болести.



# Останати системи

Освен веќе спомenатите системи, TÜV Nord Ви овозможува сертифицикација и на следните:

- **ISO 27001 - Систем за управување со информатичка безбедност**
- **ISO 20000 - Систем за управување со ИТ услуги**
- **ISO 50001 - Систем за управување со енергија**
- **IFS & BRC - Сертификација на добавувачи на прехранбени производи**
- **FSC - Сертифицирање на процесот на управување со шуми**
- **Global GAP - Сертификација на земјоделски производи**
- **ISO 13485 - Стандард за медицински помагала**
- **SA 8000 & BSCI - Општествена одговорност**



# Conformité Européenne

## Сертификација на производи

**CE** ознаката на производ претставува етикета на производителот дека производот ги исполнува сите основни барања во врска со безбедноста и здравјето во однос на директивите на ЕУ и хармонизираните стандарди.

Слободното движење на стоки е камен темелник на внатрешниот пазар на ЕУ. Целта на слободното движење на стоки е да се спречат нови ограничувања на трговијата, взаемно признавање и техничко усогласување. Токму CE ознаката го овозможува слободниот проток на стоки на пазарот на ЕУ и поради оваа причина CE ознаката се нарекува "пасош, билет за европскиот пазар."

Безбедноста на производите треба да биде изградена од фазата на развој на производството и употребата на производот. Во зависност од барањата за безбедноста, здравјето , чистотата и заштитата на животната средина, производувачот врши оценување на сообразноста на производите со барањата и со таа цел ангажира надлежно (овластено) тело за спроведување на CE испитување на производот.




# ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

TÜV Nord Ви овозможува и техничка инспекција за процесите кои се дел од вашето работење и тоа:

- **ISO 3834 - Систем за управување со квалитет на заварување**
- **EN 1090 - Стандард за производители на заварени конструкции**
- **PED 97/23/EC - Сертификација на погони**
- **Оценување на сообразноста**
- **Пренослива опрема под притисок и стабилна опрема под притисок**
- **Периодичен преглед на вградени боци со плин во автомобили**
- **Преглед на детски игралишта**



# TÜV ACADEMY

Кога се зборува за вредноста на една компанија, во прв план секогаш е интелектуалниот капитал т.е. вредноста на вработените, нивното знаење и вештини. Затоа во секоја компанија која е ориентирана кон зголемување на својата вредност најзначајна улога зазема усовршувањето на човечките ресурси.

**Т-ЦЕРТ СИСТЕМ Македонија** во соработка со TÜV NORD Ви нуди широка програма на семинари од различни области на дејствување. Притоа, можеме да Ви понудиме отворени семинари достапни за сите заинтересирани, како и семинари кои се одвиваат на барање на заинтересираните компании и тоа во рамките на истите, т.н. семинари од затворен тип.

Тоа што ги одвојува семинарите на TÜV Nord од останатите е долгогодишната експертиза и знаење во различни области од секојдневното работење на компаниите. Истото го нудиме по неверојатно поволни услови.




TÜV NORD

**Т-ЦЕРТ СИСТЕМ ДООЕЛ**
11 Октомври 52А/5
1000 Скопје

**office@tuv.mk | www.tuv-nord.com | +389 (0)2 3221 603**